# ЦАРИГРАДСКАТА ПАТРИЈАРШИЈА ВРШИ ПРИТИСОК ЗА ЦРКОВНИОТ СПОР МЕЃУ МПЦ И СПЦ

Притисокот врз Република Македонија не престанува. Овој пат доаѓа од Цариградската патријаршија, односно од Вселенскиот патријарх Вартоломеј I. Имено, Неговото Блаженство, патријархот Вартоломеј I испратил писмо до премиерот Бучковски, напишано на старогрчки црковен јазик, кое предизвикало проблеми околу неговото разбирање. Во него се критикува начинот на кој нашата држава се однесува кон црковниот спор со СПЦ.

Вселенскиот патријарх ултимативно бара да биде ослободен од затвор расчинетиот владика Јован Вранишковски. Вартоломеј ѝ советува на МПЦ да се врати под закрилата на СПЦ. Од таквото барање на Вартоломеј се гледа дека тој има пристрасен однос кон црковниот спор меѓу МПЦ и СПЦ. Се пренебрегнува фактот дека Република Македонија е суверена и независна држава, членка на ООН која има полно право да има своја автокефална црква.

Одговорот на писмото од Вартоломеј премиерот Бучковски ќе го испрати по враќањето од САД.

**проф. Наум Јовановски**

**Рубриките ФОРУМ и ПИСМА ја отсликуваат нашата отвореност кон јавноста. Овде автентично објавуваме и текстови кои не се во согласност со нашата уредувачка политика.**

